Република Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), Државната изборна комисија на седницата одржана на 22.11.2016 година го донесе следното

# УПАТСТВО

**за примена на член 111 став 1, 2 и 3 од Изборниот законик**
**- за болни и немоќни лица -**

**член 111 став 1, 2 и 3 од Изборниот законик**

**(1) Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице според упатството на Државната изборна комисија), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје најдоцна седум дена пред денот определен за гласање.**
**(2) Даденото известување од ставот (1) на овој член се однесува и на првиот и на вториот круг на гласање.**
**(3) Известувањето од ставот (1) на овој член може да се даде и преку полномошник.**

1. Под немоќно или болно лице се подразбира лицето кое не е во можност да ги врши основните животни потреби (не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби), односно лицето е неподвижно, потполно слепо, заболено од дистрофија или сродни мускулни или нервно мускуларни заболувања, церебрална или детска парализа или параплегија.

2. Известувањето дека лицето е немоќно или болно и сака да гласа, се доставува до општинската изборна комисија во местото каде лицето има постојано живеалиште. Покрај известувањето до општинската изборна комисија треба да се достави во оригинал или копие и медицински доказ за болеста или решение за користење на туѓа нега од трето лице за болестите наведени во точка 1 од ова Упатство.

3. Лекарско уверение издадено од матичен лекар без приложена медицинска документација во оригинал или копија, издадена од лекар специјалист за дадената дијагноза за болестите наведени во точка 1 од ова Упатство, ОИК тие известувања не ги прифаќа.

4. ОИК при одлучување по известувањата за гласање на немоќните или болните лица, може да повика за консултација доктор специјалист за читање на дијагнозите по доставените известувања.

5. Непридржување на ОИК на погоре наведените одредби од ова Упатство, престедателот, заменик претседателот, членовите и нивните заменици на ОИК (кои ќе одлучуваат по доставените известувања) ќе сносат одговорност согласно одредбите на Изборниот законик.

6. Полномошното со кое се поднесува известувањето за гласање на немоќно или болно лице треба да гласи само на член од потесното семејство.

Немоќни или болни лица кои немаат член од потесно семејство, имаат право да дадат полномошно на друго лице.

Друго лице може да биде полномошник и да поднесе известување за гласање најмногу за две лица од исто семејство.

Тој што еднаш се пријавил како полномошник пред ОИК, не може да поднесува полномошна од други лица на цела територија на Република Македонија.

7. Ова Упатство стапува на сила со денот на донесувањето.

8. Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за примена на член 111 од Изборниот законик бр.07-493/5 од 27.02.2014 година.

9.Ова Упатство се објавува на веб страницата на Државната изборна комисија.

**НАПОМЕНА :** Им се укажува на општинските изборни комисии при прифаќањето на барањето за гласање на болно и немоќно лице да обрнат посебно внимание и да проверат дали во приложената документација се наведени причините од точките 1 и 2 на ова Упатство.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Александар Чичаковски

**Број** 02- 3317/1

23.11 **2016 година**